# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2020

АДИ

Асоцијација за демократска иницијатива

Association for
Democratic
Initiatives

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

**Годишен извештај на Асоцијацијата за демократска иницијатива за 2020**

Годината 2020, ќе се памети како пресврт во историјата на современото општество. Година, кога целиот свет, секој од нас, се соочи со криза со далекусежни последици по животот и доведе до глобална неизвесност и големи предизвици.

Иако коронавирусот (COVID-19), предизвика многу проблеми и грижи на многу семејства и заедници како во нашата земја, така и ширум светот, доведе и до некои непредвидливи позитивни нуспојави, kako што се незапаметен степен на иновации и солидарност.

АДИ како значаен актер на граѓанското општество во северо-западниот дел на земјата, на национално ниво и донекаде во регионот, дел од своите активности ги насочи токму во активности кои значеа информирање и поддршка на заедниците за справување со коронавирусот. АДИ го координираше ново формираното тело за пристап и дистрибуција на хуманитарна помош за подрачјето на Гостивар, Врапчиште и Маврово и Ростуша (формирано на иницијатива на градоначалниците на општините). Ова тело заклучно со август 2020, обезбеди и диструбуираше 705 пакети со хигиенски средства и 100 пакети со храна до најзагрозените семејства.

Кризите често доведуваат до злоупотреба на системот и пораст на корупцијата. Токму од тие причини, еден од основните предуслови за превенција на корупцијата е транспарентното и отчетното работење на институциите. Оттука, АДИ продолжи да ја следи транспарентноста на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК) и го објави вториот извештај со вклучени препораки за унапредување на отвореноста и достапноста на информациите на овие две институции. Истовремено, АДИ го превзеде предизвикот да спроведе истражување за проценка на ранливи области на корупција на локално ниво Корупцијата е проблем што истовремено претставува предизвик и мотивација за истражувачите и граѓанските организации за анализа на вакви комплексни феномени. Истражувањето се спроведе во пет целни општини - Гостивар, Битола, Кавадарци, Куманово и Штип. Околу 80 % во граѓаните во петте општини опфатени со истражувањето сметаат дека корупцијата е зголемена во споредба со периодот пред 10 години. На околу 8 % од граѓаните во петте анкетирани општини им било побарано мито во изминатата година. Од граѓаните на кои им било побарано мито, 35,3 % рекле дека тоа било од институции во областа на здравството. Граѓаните сметаат дека корупцијата во Северна Македонија е најраспространета во судството, а најмалку раширена во социјалната заштита.

Активностите на АДИ во екот на пандемијата значеа брзо прилагодување на новонастанатата состојба, без застој во тековните активности и ад хок активности кои значеа одговор на здравствената и хуманитарната потреба. Ние веќе научивме многу од оваа криза и свесни сме за тоа дека кризата носи можност за промена на подобро. Го живееме моментот кога нашата колективна и индивидуална иднина е во наши раце, можност што се појавува еднаш во животот.

Лулзим Хазири,

Извршен директор,

Association for Democratic Initiatives

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

**Мисија:** Интеграција и мониторинг на човековите права во политичките, економските и социјалните сфери на општеството;

Промоција на демократските принципи, меѓуетничка и меѓукултурна толеранција преку партиципативни и транспарентни процеси;

Поддршка на граѓаните преку граѓанско учество, вмрежување, застапување и едукативни активности.

**Визија:** АДИ цели кон вклучување, засновано на еднаквост и недискриминација, за секоја индивидуа или група слободно да учествува во демократските процеси преку употреба на најдобрите практики и принципите на добро владеење.

**Главни цели и стратегии за постигнување на целите согласно на статутот:** Главни цели на АДИ се: Промовирање и унапредување на меѓуетничките односи, заштита и промоција на човековите права, поттикнување и унапредување на соработката помеѓу граѓаните и избраните претставници на локалната, судската, законодавната и извршната власт, помош на граѓаните во остварувањето на своите уставни и законски права, поддршка на здруженијата на граѓани, поттикнување на соработката помеѓу домашните и меѓународните организации, промовирање и остварување на економскиот развој, борба против корупцијата во јавниот и приватниот сектор, заштита на граѓаните од дискриминација и давање на јавни услуги.

Своите цели организацијата ги остварува преку утврдени повеќегодишни стратешки планови, Годишна Програма за работа, односно преку следниве активности:

- организирање на конкретни програмски активности;
- спроведување на заеднички проекти;
- организирање на конференции, семинари, обуки и друг вид на активности;
- поттикнување на иницијативи кај надлежните органи и институции во насока на остварување на целите на Здружението;

АДИ своето делување го засновува на пружање на еднакви можности за развој, почитување на различната етничка, родова, верска, културна припадност. Толеранцијата, солидарноста, слободното изразување на идеите и мислењата се дел од вградените вредности и културата на работење на организацијата.

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ:

**Мониторинг и подобрување на капацитетот на институциите во справување со организиран криминал и корупција**

**Период на спроведување: 21 декември 2018 – 21 јуни 2021**

**Цели:**

- Да се подобри транспарентноста на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција и Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК);
- Да се оцени ефикасноста на Основниот суд Скопје 1, Скопје во постапувањето со случаите на организиран криминал и корупција;
- Да се зголеми довербата на јавноста во институциите со мандат за борба против организираниот криминал и корупцијата.

Постигнувањето на целокупната целите, односно влијанието на проектот ќе се обезбеди преку тесна соработка со државните институции кои имаат мандат за борба против организираниот криминал и корупцијата, како и со други релевантни чинители како што се политички лидери, граѓански организации, претставници на медиуми и донаторска заедница.

- **Клучни постигнувања во 2020**

***Транспарентноста на институциите за спречување на корупцијата во време на пандемија: Колку е значајна борбата против корупцијата во вонредна состојба?***

Подготвен вториот извештај, којшто го покрива периодот јануари-јуни 2020 за работата на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ЈОГОКК), како и Специјалното јавно обвинителство (СЈО).

Кризите често доведуваат до злоупотреба на системот и пораст на корупцијата. Токму од тие причини, еден од основните предуслови за превенција на корупцијата е транспарентното и отчетното работење на институциите.

Транспарентноста на секоја институција е значајна за спречување на корупцијата. Но, во синџирот на институции за спречување и репресија на корупцијата, значајни се неколку кои придонесуваат како за нејзино сузбивање, така и за нејзино санкционирање пред судските органи.

Имајќи го предвид сето тоа, во овој извештај се дава оценка на транспарентноста на три од погоре споменатите институции, односно Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција (ЈОГОКК), како и Специјалното јавно обвинителство (СЈО) за периодот јануари-јуни 2020 година. Согласно Законот за Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, СЈО беше `де јуре` активно тело во кое административната служба продолжи да работи сè до влегување во сила на новиот Закон за јавно обвинителство на 30 јуни 2020.

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk







***Работни состаноци со институции со мандат за спречување на корупцијата (ДКСК и ЈО ГОКК)***

На 11 септември 2020 во Скопје, беа одржани работни состаноци со претставници на Државната комисија за спречување корупција (ДКСК) и Јавното обвинителство за гонење организиран криминал и корупција (ЈО ГОКК). На состаноците се дискутираше по клучните наоди содржани во вториот извештај од следењето на транспарентноста на двете институции во периодот јануари-јуни 2020.

На ДКСК и се препорачува да ја надгради и унапреди својата интернет-страница, водејќи се од потребата на граѓаните во секое време брзо, лесно и на разбирлив начин да се информираат за целокупното работење на институцијата, да ги добијат информациите со кои располага институцијата и доколку имаат сомнежи, да пријават корупција.

ЈОГОКК треба: Да стави во функција своја веб-страница до која ќе се пристапува директно или преку ЈОРСМ; До изработката и ставањето во функција на своја веб-страница, на веб-страницата на ЈОРСМ да ги објави сите информации и документи кои сега недостигаат, а подразбираат законска обврска за минимум транспарентност и отчетност;

Association for
Democratic
Initiatives

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk




*Работни состаноци со ЈО ГОКК и ДКСК*

*Проектот е финансиран од Делегацијата на Европска Унија, преку ИПА 2, 2014 грантова шема "Зајакнување на влијанието на граѓанското општество за ефективни реформи во правниот сектор". Се реализира во партнерство со Коалиција на здруженија на граѓани Сите за правично судење.*

---

## Проект на УСАИД за граѓанско учество (ПГУ)

**Период на спроведување: 1 октомври 2016 – 31 јули 2021**

**Цели**: Проектот на УСАИД за граѓанско учество го зајакнува конструктивното учество на граѓанските организации во врска со политики и прашања насочени кон антикорупција, транспарентност и владеење на правото, и го зголемува и одржува младинското учество во јавниот живот во Северна Македонија.

АДИ е одговорен спроведување на истражување на ранливи области подложни на корупција во пет општини: Гостивар, Битола, Кавадарци, Куманово и Штип. Истовремено со други локални здруженија на граѓани, АДИ ќе даде придонес во креирањето на механизам за соработка помеѓу здруженијата на граѓани на локално ниво и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).

- **Клучни постигнувања во 2020**

***Работен состанок за утврдување на методологијата на истражувањето***

На работниот состанок, одржан 29 јули, 2020  беше презентирана предлог методологијата за проценка на ранливи области подложни на корупција на локално ниво и се спроведе консултативен процес за да се унапреди согласно искуството и работата на ДКСК и граѓанските организации, активни областите на добро владеење и анти-корупција.

Association for Democratic Initiatives

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

Важно е истражувањето да е во линија со предлог Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси (2020-2024) со јасно дефинирани и мерливи индикатори, потенцираше Нури Бајрами, член на ДКСК. Претставниците на граѓанските организации сметаат дека за успешна реализација на целите на истражувањето, потребна е примена на комбинација на методи и техники на истражување со цел да се направи разлика помеѓу искуството и перцепцијата на корупцијата од страна на граѓаните.






*Работен состанок со претставници на ДКСК и граѓански организации*

***Истражување за проценка на ранливи области и перцепции за корупција на локално ниво.***

Истражувањето се спроведе во пет целни општини - Гостивар, Битола, Кавадарци, Куманово и Штип. Истражувачкиот процес вклучуваше анализа на правната рамка и релевантни истражувања и анализи; интервјуа со релевантни чинители и анкета на репрезентативен број граѓани од целните општини.

Околу 80 % во граѓаните во петте општини опфатени со истражувањето сметаат дека корупцијата е зголемена во споредба со периодот пред 10 години. Според граѓаните, најбитен фактор за корупцијата е желбата за брзо богатење на луѓето на власт, најмалку битен фактор се ниските приходи на јавните службеници. На околу 8 % од граѓаните во петте анкетирани општини им било побарано мито во изминатата година. Од граѓаните на кои им било побарано мито, 35,3 % рекле дека тоа било од институции во областа на здравството. Граѓаните сметаат дека корупцијата во Северна Македонија е најраспространета во судството, а најмалку раширена во социјалната заштита.

Недовербата во институциите е главниот фактор за непријавувањето на корупцијата. Скоро 70 % од граѓаните не знаат каде да пријават корупција.







*Проектот е спроведуван од Ист Вест Менаџмент Институт (EWMI) во партнерство со: Асоцијацијата за демократски иницијативи (АДИ), Фондацијата за интернет и општество “Метаморфозис“, Фондацијата отворено општество Македонија (ФООМ), и Националниот Младински Совет на Македонија.*

---

## Граѓански ресурсен центар (ГРЦ)

**Период на спроведување:** 15 февруари 2018 - 14 февруари 2021 година.

**Цели:** Зајакнато граѓанско општество кое активно учествува во донесувањето на одлуки и придонесува кон зајакната и партиципативна демократија во земјата.
АДИ во рамките на проектот отвори ресурсен центар кој преставува место каде граѓанските организации можат со поддршка на тимот на проектот да ги градат и развиваат своите капацитети и проактивно да влијаат врз промените во општеството. АДИ беше одговорен и за менаџирање на ре-грантинг програма преку која граѓанските организации ќе добијат поддршка за подготовка и спроведување на локални иницијативи за застапување и лобирање.

- **Клучни постигнувања во 2020**

***ГРЦ обезбеди простор и техничка опрема за користење*** (проектор, лап-топ, фотокопир) за 7 настани: работилници и обуки, и 7 настани од помал обем како што се работни состаноци. Вкупно 190 учесници беа опслужени во ГРЦ Гостивар. Настаните се однесуваа на теми од интерес на работењето и активностите на граѓанските здруженија и неформални иницијативи од полошкиот и југозападниот дел на земјата во однос на теми поврзани со животна средина, родови и малцински (Ромски) прашања; граѓанско учество, како и кризата предизвикана од пандемијата.

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

***Посредување за обезбедување техничка поддршка за 3 онлајн (зум) настани*** – јавни дебати за граѓански организации со присуство на 60 учесници.

ГРЦ Гостивар беше одговорен за ***подготовка и спроведување на 2 грантови шеми***. Првата се однесуваше за поддршка на локалните организации во подготовка и спроведување иницијативи за застапување, придонес кон подобри локални политики и активности на локално ниво. Додека втората грантова шема произлезе од потребата за брз одговор односно интервенција како резултат на кризата предизвикана со Ковид-19.

***Доделени вкупно 14 грантови, по 7 за секоја грантова шема.***

АДИ, на грантистите им ја обезбеди целосната стручна и техничка поддршка во администрацијата на проектите согласно договорите за грант и процедурите за известување; Беа спроведени 2 информативни сесии (по една за секоја грантова шема) за одредбите од договорот за грант, начинот на известување за спроведување на активностите – обрасци за наративно и финансиско известување, правила за видливост на продуктите од проектите;




***17 онлајн мониторинг состаноци,*** за следење на текот на спроведувањето на активностите, проблеми и предизвици на грантистите.

Во текот на мониторинг процесот, ГРЦ обезбеди препораки за унапредување на процедурите за набавки на грантистите; Финансиско известување, известување за постигнувањата, како и практики за промоција и дисеминација на активностите.

*Проектот е финансиран од Европската унија кој го спроведува Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) во партнерство со Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар и Медиа плус од Штип.*

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

## Локални Мрежи за мултикултурализам

**Период на спроведување:** 1 јуни 2019 - 30 октомври 2020

**Цели:** Подобрен локален и регионален мултикултурен контекст застапуван од интерсекторски мрежи иницирани од силни локални граѓански организации. Општата цел ги обедини серијата на активности и предвидени резултати и го има предвид проблемот на мултикултурните прилики во четирите проектни општини

**Клучни постигнувања во 2020**

***Воспоставени 4 (четири) локални мрежи за застапување на мултикултурни политики***

Во целните општини на акцијата, Гостивар, Брвеница, Врапчиште и Тетово се воспоставени мрежи сочинети од претставници на локални граѓански организации (ГО) и неформални групи, локални институции и Комисија за односи меѓу заедниците (КОМЗ). Целта на мрежите е преку неформално здружување да дискутираат и иницираат промени кои се однесуваат на мултикултурниот соживот во заедницата.

***Развиен Индекс на мултикултурализам***

Индексот всушност претставува мултикултурен профил на општините, добиен преку објективни сознанија за различните форми на организација на односите меѓу етничките заедници. Преку сет на индикатори анализирани се 4 (четири) клучни сфери: локална самоуправа и пристап до јавни услуги, интеграција и градење интеркултурни компетенции во рамки на образовниот систем, култура, граѓанско општество и социјална кохезија. Секоја од општините вклучена во акцијата во рамките на Индексот доби свој профил, каде се наведени јаките страни и областите каде што има простор за подобрување.

***Подготвени планови за застапување на локални мултикултурни акции и иницијативи во целните општини.***

Плановите предвидуваат мобилизација на засегнати страни од локалните самоуправи, бизнис секторот, образовните институции кон поддршка на граѓански иницијативи за негување на културата и традицијата, како и спортски настани од мултиетнички карактер.

***Подготвени и емитувани 2 (две) ТВ емисии на локалните медиуми и социјалните мрежи***. На првата ТВ емисија беа презентирани клучни делови од Индексот и мислења преку интервјуа со локалните чинители (градоначалници, советници, граѓански активисти, граѓани и други локални авторитети) за тоа како пандемијата влијаеше врз меѓуетничките односи. Втората ТВ емисија е насочена кон конкретни предлози за поттикнување на солидарноста, како и заеднички меѓуопштински акции за јакнење на мултикултурализмот.
















*Проектот е финансиран од програмата Цивика Мобилитас на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ)*

---

## Преку мултикултурни општини градиме едно општество!

**Период на спроведување**: 18 октомври 2019 – 30 септември 2020

**Цели:** Промовирање на принципите на мултикултурализмот и работа кон понатамошен развој на мултикултурно општество, согласно автентичните локални мултикултурни прилики.

- **Клучни постигнувања во 2020**

**Одржани консултативни состаноци** со претставници на локалната самоуправа – Градоначалник, членови на советот и Претставници на КОМЗ, со цел да се добие увид во активностите на општините кои се однесуваат на меѓуетничката соработка, можни проблеми и предизвици, фукционирањето на Комисиите при Советот, посебно на КОМЗ.

***Спроведена Обука за муликултурно планирање*** за претставниците на советите, КОМЗ, образовни институции, бизнис заедницата и граѓански здруженија од општините Теарце, Тетово и Врапчиште, вкупно 21 учесник.

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

Спроведени три еднодневни работилници за ***развој на годишните програми за КОМЗ*** за општините Теарце, Тетово и Врапчиште. На работилниците учествуваа 60 претставници на локалната самоуправа, членови на КОМЗ, образовни институции, бизнис заедницата и граѓански организации.





***Работилница за развој на годишна програма на КОМЗ***

***Донесени годишни програми за работата на КОМЗ за периодот 2020-2023 година во општините Теарце, Врапчиште и Тетово.*** Општата цел на Програмите е унапредување на меѓукултурното разбирање во општините и развивањето на традициите на соживот, почит и толеранција помеѓу граѓаните од различни заедници. Со програмите се настојува да се зајакнат постоечките, но и да се создадат нови капацитети за активно и непосредно учество на граѓаните во унапредувањето на мултикултурализмот и меѓуетничкиот соживот на локално ниво.

*Проектот е финансиран преку Генералниот Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија*

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

## Во едно општество против Ковид - 19

**Период на спроведување:** 1 август – 31 октомври, 2020

**Цели:** Идентификување на проблемите, потребите и предрасудите, воспоставување доверба со луѓето од заедниците, комуникација со здравствени и други државни институции за да се олесни процесот на едукација и превенција од Ковид 19;

- **Клучни постигнувања во 2020**

***Пет медијатори*** комуницираа со луѓето од помалите заедници во Скопје, Гостивар, Струга и Охрид, со цел да воспостават доверба кај луѓето од заедниците, да ги охрабрат да комуницираат со здравствените институции и да го олеснат процесот на едукација, превенција и лекување.






***Дистрибуирани летоци и заштитни маски***

***Изработен леток*** со пораки против предрасудите и стигматизациите на луѓето заразени со вирусот и начините на заштита, на македонски, албански и турски јазик, во ***10 000 примероци*** и дистрибуиран заедно со заштитни текстилни маски и течни средства за дезинфекција меѓу различните заедници.

***Организирани шест он-лајн форуми*** на локално и регионално ниво, со учество на експерти од различни области, локални и други власти, активисти на граѓански организации, младински активисти, локални и национални креатори на мислења од различни заедници, за теми поврзани со влијанието на Ковид – 19 врз разни сегменти од општествениот живот.

***Подготвени 2 (два) видео спотови и емитување на локалните и социјални медиуми.*** Спотовите содржат пораки споделени од познати актери/ музичари /уметници од различни заедници и на различни локални јазици. Клучните пораки во спотовите се дека вирусот КОВИД-19 не препознава

Association for
Democratic
Initiatives

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

пол, возраст, раса, религија или етничка припадност; Да се одржува физичка, но не и емоционална дистанца! Да се носи заштитна, но не и осудувачка маска!

*Проектот е финансиран преку Мисијата на ОБСЕ во Скопје*

---

## Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата

**Период на спроведување:** 1 август – 30 ноември 2020

**Цели:** Поддршка на процесот на активирање на Локален Економско Социјален Совет (во понатамошниот текст ЛЕСС Гостивар), вклучително обновување на членовите и структурата на ЛЕСС Гостивар, како и подготовка и усвојување на план за работа на ЛЕСС Гостивар

- **Клучни постигнувања во 2020**

***Организиран Форум** за утврдување на приоритети за работа на Локалниот економско-социјален совет на општина Гостивар (ЛЕСС Гостивар)*





***Приоритети за работа на ЛЕСС Гостивар*** за 2021 се: Намалување на невработеноста во општина Гостивар, подобрување на социјалниот живот на граѓаните, подобрување на бизнис климата и промоција и зголемување на препознатливоста на ЛЕСС Гостивар.

***Панел дискусија на тема Примена на практикантската работа – можности за стекнување на практични искуства и вклучување на пазарот на трудот.*** Темата на јавната дебата произлезе од првиот форум на ЛЕСС Гостивар, во кој што практикантската работа се идентификуваше како важен сегмент во вклучување на младите во практичната работа, како и за воспоставување на соработка на средните училишта со компаниите во градот.

На јавната дебата присуствуваа претставници на средните училишта од Гостивар, Центарот за вработување, синдикатите, бизнис заедницата како и претставници на граѓанскиот сектор.

*Проектот е финансиран преку Младински Културен Центар (МКЦ) и Меѓународниот центар Олоф Пламе*

Bul. B. Ginoski, 61 / 3
1230, Gostivar,Macedonia
Tel. : +389 42 22 11 00
E-mail : adi@adi.org.mk
Web : www.adi.org.mk

## Поддршка на независните медиуми во Северна Македонија во процесот на ЕУ интеграција

**Период на спроведување:** 1 јули – 30 октомври 2020

**Цели:** Да се зголеми продукцијата на медиумските содржини поврзани со реформските процеси од Поглавјето 23 од пристапувањето во ЕУ – Правосудство и темелни права. Во рамките на овој проект АДИ воспостави соработка со медиумите: Слободен печат, Сакам да кажам, Коха , Порталб и Фокус.

- **Клучни постигнувања во 2020**

Подготовка и објавување на медиумски содржини поврзани со процесот на преговори на земјава со ЕУ, во однос на клучните поглавја како што се владеење на правото, демократски институции, јавната администрација, како и економските прашања. Вонредните парламентарни избори, исто така беа дел од опсегот за известување на медиумите.

Медиумските содржини обезбедија анализи и ги потенцираа аспектите во процесот на преговори со ЕУ.

Јавноста објективно беше информирана за реформите поврзани со пристапувањето во ЕУ.

*Проектот е финансиран од Чешката Амбасада во Скопје*

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

АДИ е ангажирана во националните и меѓународните мрежи на граѓански организации и редовно учествува во активностите на следните мрежи:

*Платформа на организации на граѓанското општество за борба против корупцијата*

*Коалиција Сите за правично судење*

*Центарот Север Југ на Советот на Европа за глобално образование*

*Европски граѓански форум*

*Европска Асоцијација за образование на возрасни*